# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за индустриска сопственост
Бр. 01-1505/1
29-12-2020 20__ год.
СКОПЈЕ

## *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА*

*М-р Горан Герасимовски*

*ДЗИС*

*28.12. 2020*

*I.Вовед*

Државниот завод за индустриска сопственост е институција која е надлежна за спроведување на управна постапка за стекнување и одржување на правата од индустриска сопственост, но има и пошироки надлежности утврдени со Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2009, бр.24/2011, 12/2014, 41/2014, 152/2015, 53/2016, 83/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/2020).

Годишната програма за работа за 2021 година се заснова на обврските утврдени со Законот за индустриската сопственост, обврските од евроинтеграционите процеси, членството во Светската организација за интелектуална сопственост, Светската трговска организација, учеството во работата на Европската патентна организација и учеството во работата на Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија.

Годишната програма е изработена по извршената анализа на состојбите во работењето на Заводот и извршената анализа во целокупната област на заштитата и спроведувањето на заштитата на индустриската сопственост, утврдената потреба за перманентно надградување на системот на заштита и спроведување на заштитата, потребата од создавање услови за електронско примање на поднесоци и воспоставување систем на електронски услуги; анализа на обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и обврската за давање придонес во реализацијата на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

**Стратешките приоритети на Заводот за 2021 година ќе бидат насочени кон:**

1. Зголемување на ефикасноста во спроведувањето на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост;
2. Создавање систем на заштита соодветен на европските и светските стандарди;
3. Јакнење на соработката со заводите за индустриска и интелектуална сопственост од другите држави и во тие рамки потпишување договор за билатерална соработка со Заводот на Грција;
4. Јакнење на соработката на полето на индустриската сопственост со Светската организација за интелектуална сопственост и Европската патентна организација;
5. Јакнење на соработката во областа на патентите со Европскиот патентен завод;
6. Јакнење на соработката со Заводот за интелектуална сопственост на Европска Унија;
7. Интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита;
8. Јакнење на системот на заштита на индустриската сопственост;
9. Натамошно покачување и јакнење на нивото на соработката помеѓу институциите инволвирани во заштитата и спроведувањето на правата на интелектуална сопственост;
10. Поттикнување на користењето на индустриската сопственост како основ за економски развој.
11. Преraснување на Државниот завод за индустриска сопственост во сервисно ориентирана институција.
12. Јакнење на соработката помеѓу Државниот завод за индустриска сопственост и невладиниот сектор.

**За остварување на стратешките приоритети на Заводот се утврдуваат следните приоритетни цели:**

**1. Создавање кадровски и технички претпоставки за поефикасно спроведување на управната постапка:**

- Ефикасна организираност на постојните кадри и перманентно стручно усовршување на вработените;

- Кадровско екипирање на секторите со спроведување постапка за нови вработувања;
- Одржување и унапредување на нивото на техничка опременост;
- Воведување потполна автоматизација на административната постапка и работењето на Заводот;
- Создавање услови за електронско примање на поднесоци и воспоставување систем на електронски услуги во Државниот завод за ндустриска сопственост;
- Зголемување на бројот на спроведени постапки за 5% годишно;
- Скратување на роковите на постапување во согласност со одредбите од Законот за индустриската сопственост.
- Во Секторот за трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки, пријавите, барања за промени во регистри и приговорите да се земаат тековно без заостанување, во согласност со роковите предвидени во Законот за индустриска сопственост.

- Зголемување на соработката со здружението на застапници, СПАТУМ и НАИМ.
- Активности за подготовка на Стратегија за Индустриска сопственост за периодот 2020-2025, како и други активности за имплементирање на електронското поднесување на пријави за сите права од ИС и воведувањето на електронски сервиси.

**2. Унапредување на правната рамка за заштита на индустриската сопственост:**

- Воспоставување ниво на заштита на интелектуалната, индустриска и комерцијалната сопственост, близок на нивото на заштита и спроведување кој постои во Европската унија;
- Усогласување на водењето на управната постапка со европските стандарди;
- Воведување систем на перманентно усогласување на националната легислатива со новите прописи на ЕУ;
- Подобрување и имплементација на Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземените мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост како и воведување на електронска платформа за прибирање на податоците во согласност со Методологијата;
- Воведување поефикасни мерки за спроведување на заштитата на правата од индустриска сопственост.

**3. Создавање услови за интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита на индустриската сопственост:**

- Спроведување на Европската патентна конвенција ;
- Создавање кадровски и технички услови за користење на ИПА фондовите и фондовите на Европската патентна организација.

**4. Обезбедување координиран пристап во спроведувањето на заштитата на индустриската сопственост:**

- Јакнење на соработката со другите институции вклучени во системот на заштита, размена на искуства и информации вклучително и во процесот на подготовка на Стратегија за Индустриска сопственост за периодот 2020-2025 како и во процесот на имплементирање на електронското прибирање на податоците во согласност со Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземените мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост;

- Воспоставување база на податоци за постапки при повреда на правата од индустриска сопственост;

5. **Промовирање на значењето на индустриската сопственост:**

- Ангажирање на дел од вработените или нови вработени на ДЗИС во не-административни работи, давање информативни услуги на корисниците, нивна едукација на полето на заштитата и спроведувањето на правата, посредување меѓу носителите на права и стопанството и координирање акции со други државни институции на ова поле;
- Достапност на базите на податоци на Заводот преку интернет;
- Запознавање на јавноста со значењето, потребата и придобивките од заштитата на индустриската сопственост;
- Поддршка на презентирањето на иновативниот труд во државата и странство.

6. **Ефикасна внатрешна организација**

Потребите од ефикасна организација на Заводот е во согласност со политиката на Владата на Република Северна Македонија и ќе се остварува преку следните активности:

- Подобрување на внатрешната организација во функција на зголемување на нејзината ефикасност во спроведувањето на постапките за заштита на правата од индустриска сопственост.
- Спроведување на активности сврзани со внатрешната ревизија.

***Мисијата*** *на Државниот завод за индустриска сопственост е да обезбеди услови за ефикасна и ефективана заштита на правата од индустриската сопственост и да го подигне нивото на заштита согласно високите меѓународни стандарди, како и активно да придонесува во креирањето на целокупниот систем на заштита и спроведување на заштитата на правата од индустриската сопственост. Така изградениот систем ќе претставува исполнет услов за интегрирањето во европските структури и ќе претставува моќна алатка за економски, културен и социјален развој на државата. За да ја реализира својата мисија, Заводот ќе обезбеди координирано, континуирано и ефикасно надградување на правната рамка, како и градење на кадровските капацитети, ќе биде активен член во градење на позицијата на државата во меѓународните институции.*

***Визијата*** на *Државниот завод за индустриска сопственост е да обезбеди систем на заштита согласно меѓународните стандарди и да претставува моќен инструмент за поттикнување на активностите на креативниот ум заради развој на стопанството, да ја заштитува индустриската сосптвеност, а со тоа рамноправно да ги штити и потрошувачите и авторите.*

*II. Конкретни предлог активности за реализација*

| 1.Сектор за патенти, технолошко набљудување и билатерална соработка со Европскиот патентен завод | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| РБ | Цел | Активност | Сектор или одделение | Рок или динамика | Индикатор |
| | Што сакаме да постигнеме? | Како ќе ги постигнеме поставените цели | Кој е одговорен за спроведување на задачите и активностите? | Кога задачите и активностите мора да бидат завршени | Како ги мериме задачите/активностите |
| 1 | Усогласување на националната легислатива со европското acquis | Коресподенција, состаноци и консултации со Секретаријатот за европски прашања и Делегацијата на ЕУ | Одделение за патенти | Континуирано | Националната легислатива усогласена |
| 2 | Следење на реализацијата на НПАА како и ревизија на истата за 2021 година | Следење на реализацијата на НПАА како и ревизија на истата за 2021 година | Одделение за патенти | Јануари-Јуни 2021 | Националната легислатива усогласена |
| 3 | Непречена примена на Методологијата за статис-тичко следење и обработка на податоци за превземени мерки од спроведувањето на правата од ИС | Формирање на работна група за измена и дополнување на Методологијата со цел подобрување на истата | Државен завод за индустриска сопственост и Министерство за правда | Јануари-декември 2021 | Функсионална Методологија за статис-тичко следење и обработка на податоци за превземени мерки од спроведувањето на правата од ИС |
| 4 | Вклучување на ДЗИС во ИПА2 програмирање 2020 | Активно да учествува во работните групи за програмирање ИПА2 при што ќе бидат реализирани и потребните чекори за одобрување и развивање на проектните идеи | Сите сектори | Континуирано | ДЗИС вклучен во ИПА2 програмирањето |
| 5 | Учество на обуки семинари, тренинзи во врска со можностите за користење на ЕУ и други фондови | Учество на обуки семинари, тренинзи во врска со можностите за користење на ЕУ и други фондови | Сите сектори | Јануари-декември 2021 | ДЗИС вклучен во ИПА2 програмирањето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Електронско поднесување на пријави за патенти | Развивање на модул за менаџирање на поднесените патентни пријави од страна на клиентскиот модул на ЕПО, модул за внесување на поднесените патентни пријави во IPAS back-office системот и на модул за генерирање на електронска потврда на прием на пријавата и генерирање на идентификациски код од IPAS back-office системот | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Јануари-јуни 2021 година | Воведено електронско поднесуваји на пријави за патенти |
| 7 | Размена на податоци со Европскиот патентен завод | Учество на проектот Квалитет во изворот и конфигурирање на IPAS за генерирање на податоците во ST36 формат | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Јануари-декември 2021 година | Усогласување на стандардите и успешна размена на податоци |
| 8 | Едукација на патентните испитувачи во областа на електроенергетиката, механиката, физиката, фармакологијата, природните науки и Законот за индустриската сопственост во делот за патенти | Учество на семинари, работилници организирани од страна на ЕПЗ и СОИС | Одделение за патенти | Јануари-декември 2021 | Подобрување на квалитетот на испитување на патентните пријави во соодветните области |
| 9 | Развој на посебна мрежа за размена на податоци помеѓу институциите кои се дел од системот на правата од интелектуална сопственост во РСМ | Состаноци со претставници на сите институции со проверка на моменталната состојба, дизајнирање на мрежата, развој на платформа за | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Јануари-декември 2021 | Креирана посебна мрежа за размена на податоци како и подобрена размена на податоци помеѓу институциите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | методологијата како и на модулите за електронско учење, размена на податоци и онлајн учење | | | |
| 10 | Тековно испитување на пријавите на патент | Распоредување на преостанатите домашни и европски пријави поднесени до крајот на 2020 год. | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-Јуни 2021 | Издадени решенија за признавање на правото на патент |
| 11 | Тековно испитување на пријавите на патент | Распоредување на домашните и европските пријави кои ќе се поднесуваат во 2021 год | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Издадени решенија за признавање на правото на патент |
| 12 | Тековно решавање на барањата за промени во регистрите | Распоредување на сите барања за впишување на промена во соодветните регистри кои ќе бидат поднесени во 2021 година. | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Издадени решенија за промени во соодветните регистри |
| 13 | Тековно следење на годишните такси за одржување на правото за патент | Ќе се следат годишните такси и нивните рокови за веќе признаените патенти, и по однос на истите ќе се превземаат соодветни дејствија. | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-Март 2021<br>Април – Јуни 2021<br>Јули – Септември 2021<br>Октомври-Декември 2021 | Изготвување на квартални извештаи |
| 14 | Брзо и квалитетно изготвување и издавање на Решерш | Тековно ќе се распоредуваат сите барања за пребарување во домашните и меѓународните бази на патенти- Решерши кои ќе бидат поднесени во 2021 година | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Навремено изготвување и издавање на решершите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Експедитивност во добивањето одговор за потполното испитување | Тековно ќе бидат обработени сите барања за потполно испитување како и барањата за експертско мислење по основ на билатералните договори со унгарскиот и романскиот завод. | Одделение за патенти | Континуирано | Добивање на одговор за потполното испитување |
| 16 | Навремено испраќање на ДСП пријавите во WIPO | Пополнување на ДСП (PCT) пријавите од македонските пронајдувачи и испраќање на истите во WIPO | Одделение за технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Испратени пријави |
| 17 | Едукација на патентните испитувачи и застапниците | Организираат на семинар во соработка со Европскиот Патентен Завод | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-Јуни 2021 | Успешно организиран на семинар |
| 18 | Едукација на застапниците и подносителите на патентни пријави за начинот на поднесување на патетни пријави | Организираат на семинар во соработка со Светската Организација за Интелектуална Сопственост | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јули-декември 2021 | Успешно организиран на семинар |
| 19 | Промоција на домашните пронајдоци | Организирање на Манифестација Патент на Годината 2020 | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | 26 април 2021 | Одржувањето на манифестацијата |
| 20 | Промоција на домашните пронајдоци | Организирање на учество на домашните иновации во домашни и меѓународните изложби | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Учеството на домашните иновации во меѓународните изложби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Подигање на јавната свест кај домашните субјекти и кај малите и средни претпријатија за потребата и значењето на заштитата на правото за патент | Изготвување на презентации и учество во својство на предавачи на разни семинари или работилници како и посета на малите и средни претпријатија | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Подигната свест и зголемен бројот на поднесени пријави за ПИС |
| 22 | Промоција на Европската патентна организација и на Европската патентна мрежа | Превод на брошури како и на печатени изданија на ЕПО | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-декември 2021 | Подигната јавната свест и елементарните познавања за Евпроскиот патентен систем и Европската патентна мрежа |
| 23 | Промоција на патентите во средните училишта и факултетите | Доставување и давање на соодветна литература на ЕПО преведена на македонски јазик | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Јануари-декември 2021 | Подигната јавната свест и елементарните познавања за Евпроскиот патентен систем |
| 24 | Усовршување на испитувачите за административната и управната постапка во РМ | Учествување на семинари и работилници организирани од други институции од земјата | Сектор за патенти, технолошко наблудување и билатер. соработка со ЕПО | Континуирано | Учеството во семинари или работилници |
| 25 | Квалитетни податоци во формат погоден за размена на истите со меѓународните институции | Следење на обуките на ЕПО, ажурирање на податоците како и надоградба на веќе постоечките ИТ системи | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Континуирано | Размена на точни податоци навремено и со потребниот квалитет |
| 26 | Пребарување на базите на податоци на ЕПО Espacenet new на македонски јазик | Превод на интерфејсот како и на модулите за пребарување | Одделение за патенти и Одделение за издавачки работи и информатика | Континуирано | Интерфејс и пребарување на espacenet базата на македонски јазик |

| Сектор за ТМ/ИД/ГН и билатерална соработка со WIPO и EUIPO | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| РБ | Цел | Активност | Сектор или одделение | Рок или динамика | Индикатор |
| | Што сакаме да постигнеме? | Како ќе ги постигнеме поставените цели | Кој е одговорен за спроведување на задачите и активностите? | Кога задачите и активностите мора да бидат завршени | Како ги мериме задачите/активностите |
| 1 | Запознавање со искуствата од земјите членки на ЕУ on-line | Учество на состанок во ЕУИПО | Сектор ТМ/ИД/ГН | Јули 2021 | Запознавање со најновите случувања во делот на индустриската сопственост |
| 2 | Запознавање со можностите што може да се од корист за земјите што не се дел од ЕУ on-line | Учество на Liaison состаноци во ЕУИПО 3 состаноци | Сектор ТМ/ИД/ГН | 3 состаноци Во текот на 2021 година. Liaison состаноци on-line | Запознавање со можностите што може да се од корист за земјите што не се дел од ЕУ |
| 3 | Едукација на вработените од Заводот за правата од индустриска сопственост | тренинг семинари што редовно ги организира EUIPO ( предвидени се три семинари) (3 семинари) | Сектор ТМ/ИД/ГН | Во текот на 2021 on-line | Едукација на вработените од Заводот за правата од индустриска сопственост |
| 4 | Стручно усовршување на судии и јавни обвинители во делот на ИС | учество на конференција за судии што редовно ги организира ЕУИПО | Сектор ТМ/ИД/ГН | Ноември 2021 on-line | Стручно усовршување на судии и јавни обвинители во делот на ИС |
| 5 | Едукација навработените преку on-line семинари | Следење на семинари преку webinar организирани од ЕУИПО Академијата | Сектор ТМ/ИД/ГН | Континуирано секој месец во текот на 2021 | Едукација на вработените преку on-line семинари |
| 6. | Едукација на вработените во Заводот | Организирање на семинар со ЕУИПО | Сектор ТМ/ИД/ГН | Втора половина од 2021 | Едукација и промоција на индуст. Сопств. |
| | | | | | |
| | Што сакаме да постигнеме? | Како ќе ги постигнеме поставените цели | Кој е одговорен за спроведување на задачите и активностите? | Кога задачите и активностите мора да бидат завршени | Како ги мериме задачите/активностите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Електронско поднесување на пријавите | проект во соработка со ЕУИПО e-filing (алтернативно , доколку истото не се реализира преку тековниот проект со ЕУ) | Сектор за ТМ/ИД/ГН | До крајот на годината | Воведување на систм за електронско поднесување на пријавите за ТМ и ИД |
| 8. | Пребарување во базите на податоци | проект во соработка со ЕУИПО - CESTO | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Во текот на 2021 | Воведување на алатка за пребарување на податоци за трговски марки |
| 9. | Подигање на свеста на МСП | Предложен проект за подигање на свеста во ИП со фокус на МСП | Сектор за ТМ/ИД/ГН и Сектор патенти | Втора половина на 2021 | Едукација и промоција на ИС во Република Македонија |
| 10. | Усогласување со ЕУИПО | Хармонизирана дата база | Сектор за ТМ/ИД/ГН | До 31/12/2021 | Поедноставо користење на податоците за ТМ од базите на податоци на сите заводи кои се членки на ТМ View |
| 11. | Ефикасно спроведување на постапката за признавање на правото на ТМ/ИД/ГН | Административна постапка за признавање на правото на трговска марка, индустриски дизајн и географски називи | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Донесени решенија за признавање на правото на ТМ, ИД и ГН |
| 12. | Ефикасност во спроведување на постапката по приговори, огласување ништавност и престанок поради некористење за ТМ/ИД | Постапка по приговор , огласување ништавност и престанок поради некористење за трговски марки и индустриски дизајн | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостој, решавање на | Донесени решенија по приговорите огласување ништавност и престанок поради некористење |
| 13 | Ефикасност во спроведување на постапката по промени во регистрите | Постапка за впишување промени во регистрите | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Донесени решенија по промените |
| 14 | Ефикасност во завршување на | Издавање исправи за трговски марки и индустриски дизајн | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Донесени исправи за трговски марки и индустриски дизајн |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | постапката по признавање на правата | | | | |
| 15 | Редовно и навремено давање на информативни услуги на заинтересирани лица | Давање на информативни услуги, мислења, потврди и изводи | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Издадени решерши, потврди, изводи и мислења |
| 16 | Навремена меѓународна регистрација на трговските марки согласно Мадридскиот систем | Меѓународна заштита на трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки | Сектор за ТМ/ИД/ГН | Континуирано без заостаток | Број на поднесени барања за меѓународна регистрација и известувања за прифаќање на заштитата |
| | | **Учество во работата на работните тела на WIPO** | | | |
| 17. | Учество во работните тела и навремено спроведување на промените во делот на ТМ/ИД /ГН | Постојан комитет за ТМ/ИД/ГН | Раководител на сектор/помошник раководител на сектор | Континуирано 2 состаноци | Следење на состојбата во делот на трговските марки, ИД и ГН |
| 18. | Учество во работата на работната група за Мадридски систем | Работна група за мадридски систем | Раководител на одделение за трговски марки | Континуирано 2 состаноци во текот на годината | Учестово и следење на работата на унијата |
| 19. | Учество во работната група и навремено спроведување на промените во делот на Ничанската класификација | Работна група за ничанска/виенска класификација | Раководител на одделение и советник за трговкси марки кој е задолжен за ничанската класификација | Континуирано 2 состаноци во текот на годината | Учестово и следење на работата група на експерти за ничанската класификација |
| 20. | Учество во работната група и навремено спроведување на промените во делот на Локранската класификација | Работна група за локранска класификација класификација | Раководител на одделение и советник за индустриски дизајн кој е задолжен за локранска класификација | Континуирано 2 состаноци во текот на годината | Учестово и следење на работата група на експерти за локранска класификација |
| | Семинар | | | | |
| 21. | Пристапување кон Женевскиот акт од | Подготовки за пристапување кон | Сектор за ТМ/ИД/ГН | До крајот на 2021 | Ратификација на Женевскиот акт од |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Лисабонскиот договор за заштита на ознаки на потекло | Женевскиот акт од Лисабонскиот договор за заштита на ознаки на потекло | | | Лисабонскиот договор за заштита на ознаки на потекло |
| 22. | Едукација на вработени и подигање свеста за ИС Во соработка со WIPO | активности за подготовка на регионален семинар во соработка WIPO | Работна група Сектор за ТМ/ИД/ГН | Последно тромесечие 2021 | Подобрена едуцираност и подигната свест за правата од ИС |

| Сектор за општи работи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| РБ | Цел | Активност | Сектор или одделение | Рок или динамика | Индикатор |
| | Што сакаме да постигнеме? | Како ќе ги постигнеме поставените цели | Кој е одговорен за спроведување на задачите и активностите? | Кога задачите и активностите мора да бидат завршени | Како ги мериме задачите/активностите |
| 1. | Усогласување на интерните акти на Заводот со националната легислатива во Република Северна Македонија | Усогласување на Интерните акти со националната легислатива, преку следење на промените кои настануваат во националните закони и другите подзаконски акти и проценување на потребите за усогласување со истите | Раководител на сектор за општи работи | Првиот квартал од 2021 | Усогласени интерни акти на Заводот |
| 2. | Изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост во делот на застапувањето | Изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост во делот на застапувањето | Работна група во состав: Раководител на сектор за трговски марки, индустриски дизајн и географски називи и билатерална соработка со Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO) и Заводот за хармонизација на внатрешен пазар (OHIM)", Раководител на сектор за патенти, технолошко набљудување и билатерална соработка со Европскиот патентен завод (ЕПО)", и 2-ца застапници | 28.02.2021 | Донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост |
| 3. | Постапување по заклучоците и | Постапување по заклучоците и препораките | Раководител на Сектор за општи работи | Континуирано | Доставени извештаи, информации и други |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | препораките на Владата на РСМ, подготвување на извештаи, информации и други материјали за Владата на РСМ во врска со работењето на ДЗИС од областа на општите работи | на Владата на РСМ, подготвување на извештаи, информации и други материјали за Владата на РСМ во врска со работењето на ДЗИС од областа на општите работи | | | материјали до Владата на РСМ |
| 4. | Спроведување на Функционална анализа на Заводот со цел зајакннување на ефикасноста и ефективноста на Заводот | Доставување на Извештај од спроведената Функционална анализа на мислење до МИОА и спроведување на предвидениот план за подобрување согласно функционалната анализа | Државен советник, Раководители на сектори и Помошници раководители на сектори | Во текот на 2021 | Доставено позитивно мислење од страна на МИОА во врска со Извештајот за спроведена функционална анализа и спроведени активностите предвидени во Планот за подобрување |
| 5. | Донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Заводот, по спроведена Функционална анализа на Заводот | Изготвување на Предлог Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работни места во Заводот и негово доставување на мислење до МИОА | Раководител на Сектор за општи работи | Веднаш по добивањето на позитивно мислење од страна на МИОА во врска со Извештајот за спроведена Функционална анализа | Донесен Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работни места во Заводот |
| 6. | Донесување на Годишен план за дополнување на Годишниот план за вработување за 2021 година | Изработка на Годишен план за дополнување на Годишниот план за вработување за 2021 година | Раководител на Сектор за општи работи | По донесување на новиот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Заводот | Донесен Годишниот план за дополнување на Годишниот план за вработување за 2021 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Кадровско екипирање на секторите | Спроведување на постапка за нови вработувања | Раководител на Сектор за општи работи | По донесување на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2021 | Спроведена постапка и реализирани вработувања |
| 8. | Донесување на Годишен план за вработување за 2022 година и Извештај за реализација на Планот за вработување за 2021 година | Изготвување на Годишен план за вработување за 2022 година и Извештај за реализација на Планот за вработување за 2021 година | Раководител на Сектор за општи работи | 31.08.2021 | Донесен Годишен план за вработување за 2021 година |
| 9. | Унапредувања на државни службеници во Заводот | Спроведување на постапка за унапредувања на државни службеници во Заводот (објавување оглас, селекција, интервју, одлуки) | Раководител на сектор за општи работи | Во текот на 2021 | Извршени унапредувања |
| 10. | Оценување на државните службеници на ДЗИС за 2021 година | Спроведување на постапката за оценување на државните службеници во ДЗИС за 2021 | Раководител на Сектор за општи работи, надворешни оценувачи, Комисија за спроведување на постапката за интерни оценувања, раководители на одделенија и сектори и директорот на ДЗИС | Заклучно со 01.12.2021 | Спроведено оценување |
| 11. | Учење и Стручно усовршување на вработените во Заводот, согласно Годишната програма за генерички обуки на административните службеници за 2021 година, со цел подигање на нивото на општите работни компетенции за | Обезбедување непречен пристап во системот за следење на Е-обуките | Одделение за информатика и издаваштво | Заклучно со 31.12.2021 | Потврда/сертификат за завршена генеричка обука |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | успешно спроведување на работните цели и задачи | | | | |
| 12. | Одржување и унапредување на нивото на техничка опременост | Техничко одржување на компјутерската опрема и на компјутерските програми во функција на поддршка на оперативната работа на Заводот;<br>-редовно извршување на заштитата на податоците и нивно чување во веќе постоечките “Server” компјутери и во надворешните “Backup Server” компјутери и<br>- ажурирање на web страницата на ДЗИС | Одделение за информатика и издаваштво | континуирано | |
| 13. | Создавање услови за електронско примање на поднесоци | Согласно проектот со назив "Техничка помош за развивање на национална Стратегија за индустриска сопственост 2020-2025 и развивање на посветена е-мрежа за размена на податоци помеѓу институциите во системот на ПИС и е-поднесување на пријави за трговски марки, патенти, индустриски дизајн како и целосни е-сервиси" | Одделение за информатика и издаваштво | До крајот на првата половина од 2021 година. | Електронско примање на поднесоци |
| 14. | Подготовка и издавање на службено гласило на ДЗИС | Во ДЗИС во 2021 година ќе се обработат и издадат вкупно 12 службени гласила, почнувајќи во месец јануари и истовремено ќе бидат | Одделение за информатика и издаваштво | Секој месец | Обработени и издадени вкупно 12 гласници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ставени на ВЕБ страницата на ДЗИС. | | | |
| 15. | Прием и обработка на податоци | Ќе се примат и обработат сите доставени документи во Одделението за прием и обработка на документација и Општата архива | Одделение за прием и обработка на документација и Општата архива | континуирано | **Примени и обработени сите доставени документи** |
| 16. | Спроведување на постапка за расход на основните средства на Заводот  кои се во неупотреблива состојба (оштетени, искршени, застарени) | Спроведување на постапката за расход на основните средства согласно Законот | Комисија за спроведување на постапката за расход | Во текот на 2021 | Спроведена постапка |

**в.д. ДИРЕКТОР,**

м-р Горан Герасимовски